**Република Северна Македонија**
**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

**Бр. Уп1 10-26/2**
**14.05. 2024 година**
СКОПЈЕ

Врз основа на член 148 став (3) од Изборниот законик ("Службен весник на Република Македонија" бр.40/2006, 136/2008, 148/2008, 155/2008, 163/2008, 44/2011, 51/2011, 142/2012, 31/2013, 34/2013, 14/2014, 30/2014, 196/2015, 35/2016, 97/2016, 99/2016, 136/2016, 142/2016, 67/2017, 125/2017, 38/2018, 99/2018, 140/2018, 208/2018, 27/2019 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/2019, 42/2020, 74/2021, 215/21, 58/24 и 76/24) и Упатството за начинот и постапката за решавање на приговори во надлежност на Државната изборна комисија, со број 11-2486/1 од 10.10.2021 година, Државната изборна комисија во состав Претседател Александар Даштевски, потпретседател Дитмире Шеху, членовите Оливер Ристовски, Борис Кондарко, Радица Ристеска, Бобан Стојаноски и Абдуш Демири, на седницата одржана на **13.05.2024** година донесе:

# РЕШЕНИЕ

Приговорот во постапката за сумирање и утврдување на резултатите кој се однесува за избирачките места 1863 и 1870, двете во општина Струга, заведен под бр. **УП1 10-26 од 10.05.2024** година, поднесен од подносителот на листа за кандидати за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, Коалиција „ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА" предводена од СДСМ, преку овластеното лице Бранко Георгиевски од Скопје, се **ОДБИВА**.

## Образлож ение

Подносителот на листа за кандидати за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, Коалиција „ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА" предводена од СДСМ, преку овластеното лице Бранко Георгиевски од Скопје, на ден 10.05.2024 година до Државната изборна комисија поднесе приговор, кој од страна на Државната изборна комсија е заеведен под УП1 10-26 од 10.05.2024 година, а се однесува на постапката за сумирање и утврдување на резултатите за избирачките места 1863 и 1870, двете во општина Струга.

Имено, подносителот на приговорот наведува дека на ден 08.05.2024 година во Општина Кичево, на избирачките места број 1863 и 1870, во постапката за гласање, сумирање и утврдување на резултатите од гласањето, избирачкиот одбор сторил грубо прекршување на одредбите од Изборниот законик, односно при сумирање на резултатите од гласањето констатирано е дека бројот на потписи од „Дел 1, рубрика 5", „Дел 3, рубрика 10" и „Дел 4, рубрики 11, 12, 13", не се совпаѓа со вкупниот број на избирачи потпишани во Изводот на избирачкиот список кои гласале, неведен во „Дел VI, рубрика 16" од Записникот за гласање, сумирање и утврдување на резултатите на избирачкиот одбор за избирачките места 1863 и 1870, двете во општина Струга. Поради наведеното предлага приговорот да се усвои, а гласањето на избирачките места 1863 и 1870, двете во општина Струга, да се поништи.

Државна изборна комисија
Бул. Св. Кирил и Методиј бр.54
Скопје
www.sec.mk
izbori@sec.mk
+38923244744
INTERCERT CERTIFIED ISO 9001 QMS

Државната изборна комисија постапувајќи по поднесениот приговор на ден 14.05.2024 година во одржа јавна седница, на која во однос на оспорената постапка за сумирање и утврдување на резултатите за избирачките места 1863 и 1870, двете во општина Струга, изврши увид во доверливиот изборен материјал Записник бр.16.

Во однос на поднесениот приговор кој се однесува на постапката за сумирање и утврдување на резултатите за избирачките места број 1863 и 1870, двете во општина Струга, Државната изборна комисија донесе одлука согласно член 147 став (10) од Изборниот законик, да се изврши увид и во доверливиот гласачки материјал-гласачки ливчиња, при што беше константирана следната фактичка состојба:

Во однос на избирачкото место број 1863 е направен увид во доверливиот изборен материјал и тоа кочан со неискористени гласачки ливчиња, употребените гласачки ливчиња, општиот и посебен извод од избирачкиот список и дневникот за евиденција на настани, при што е утврддено дека е направен превид во делот на распределбата на важечките гласови по кандидатски листи, односно за кандидатската листа на Коалицијата „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА" предводена од ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство), и носителот на кандидатска листа Ѓорѓија Сајкоски немасто 175 гласачки ливчиња, се преброени 176 гласачки ливчиња, со што вкупната бројка на употребени важечки гласачки ливчиња наместо 328 гласачки ливчиња, е 329 гласачки ливчиња. Согласно наведеното при увидот во доверливиот изборен материјал е констатирана следната фактичка состојба:

-употребени гласачки ливчиња има 340 ливчиња и дека во однос на истите правилно е извршено распоредување по основ на освоени гласови по кандидатски листи и правилно е утврдена фактичката состојба во однос на неважечките гласачки ливчиња

-неупотребени гласачки ливчиња има 296 ливчиња и

-во општиот и посебниот изводи од избирачкиот список се потпишани толку гласачи колку што го оствариле правото на глас за изборниот процес.

Во однос на избирачкото место број 1870 е направен увид во доверливиот изборен материјал и тоа кочан со неискористени гласачки ливчиња, употребените гласачки ливчиња, општиот и посебен извод од избирачкиот список и дневникот за евиденција на настани, при што е утврддено дека:

-употребени гласачки ливчиња има 323 ливчиња и дека во однос на истите правилно е извршено распоредување по основ на освоени гласови по кандидатски листи и правилно е утврдена фактичката состојба во однос на неважечките гласачки ливчиња

-неупотребени гласачки ливчиња има 177 ливчиња и

-во општиот и посебниот изводи од избирачкиот список се потпишани толку гласачи колку што го оствариле правото на глас за изборниот процес.

Исто така, во насока на правилно и целосно утврдување на фактичката состојба во однос на наводите од поднесениот приговор во врска со избирачките места 01863 и 1870, двете во општина Струга, Државната изборна комисија како доказ прибави и изведе и извештај од УБИГ уредот кој бил распореден на наведените избирачки места, при што е утврдено дека во конкретниот случај нема несовпаѓање во делот на вкупни гласачи кои гласале и биле верификувани со отпечаток на прст, вкупниот број на гласачи кои се идентификувани во УБИГ преку скенирање на личниот документ или со рачен внес на ЕМБГ на гласачот и чиј што отпечаток од прст бил колектиран со УБИГ и делот на гласачи кои гласале со ставање на отпечаток од прст во посебна графа предвидена за таа намена во отпечатениот извод од избирачкиот список.

Согласно член 148 став (1) од Изборниот законик ("Службен весник на Република Македонија" бр.40/2006....27/2019 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/2019....76/24), секој подносител на листа на кандидати во постапката за гласање, сумирање и утврдување на

резултатите од гласањето за претседател на Републиката и за избор на пратеници може да поднесе приговор до Државната изборна комисија, додека став (2) од истиот член приговорот на постапката за гласање се поднесува во рок од 48 часа по завршувањето на гласањето, а приговорот на постапката за сумирање и утврдување на резултатите се поднесува во рок од 48 часа од објавување на првичните резултати.

Согласно член 151 став (1) од Изборниот законик, Државната изборна комисија по службена должност, или по поднесен приговор, со решение го поништува гласањето на гласачкото место во следниве случаи, ако:

- избирачкиот одбор не го спроведува гласањето на начин утврден со овој законик, а неправилностите влијаеле на постапката за гласање или постапката за сумирање и утврдување на резултатите,
- е нарушена тајноста на гласањето,
- гласањето било прекинато подолго од 3 часа,
- полицијата не одговорила на барањето за интервенција од страна на избирачкиот одбор, а за тоа имало потреба и влијаело врз спроведувањето на гласањето на избирачкото место,
- бројот на гласачките ливчиња во гласачката кутија е поголем од бројот на избирачите што гласале,
- бројот на отпечатоците од прсти од гласачите кои гласале не се совпаѓа со бројот на гласачки ливчиња во гласачката кутија и
- некое лице или лица гласале за други лица.

Согласно148 став (2) од Изборниот законик, Државната изборна комисија во случаите од ставот (1) алинеи 1, 2, 5, 6 и 7 на овој член, при одлучување по приговори ако фактите на кои се упатува во нив се внесени во записникот, е должна да изврши увид во целокупниот изборен материјал, додека согласно (3) од истиот член, Државната изборна комисија со решение ќе го повтори гласањето на гласачките места во случаите од ставот (1) на овој член каде што гласањето е поништено само ако вкупниот број на запишани избирачи на тие избирачки места на ниво на изборна единица, град, односно општина влијае врз вкупните резултати.

Согласно 147 став (10) од Изборниот законик, Државната изборна комисија, на барање на член на комисијата задолжително врши увид во целокупниот избирачки материјал во Избирачкото место каде што гласањето се спровело на начин предвиден во членот 108-а став (6) од овој закон, само доколку на тој начин гласале:

- 5% од запишаните избирачи во избирачкиот список во Избирачките места до 200 гласачи,
- 3% од запишаните избирачи во избирачкиот список во Избирачките места од 201 до 500 гласачи и Службен весник на Република Северна Македонија Редакциски пречистени текстови
- 2% од запишаните избирачи во избирачкиот список во Избирачките места над 500 гласачи.

Имајќи ја предвид напред наведената и образложена фактичка состојба, изведените докази и погорецитираните законски одредби, Државната изборна комисија донесе одлука како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение во рок од 24 часа од приемот на решението може да се поднесе тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија преку Државна изборна комисија.

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Александар Даштевски**